[ polyesterday ]

ПОЛИЕСТЕРДЕЈ Д.О.О.Е.Л. ЕКСПОРТ ИМПОРТ СКОПЈЕ
Друштво за графичка дејност, трговија и услуги

адреса: Рајко Жинзифов бр. 50 1000 Скопје Македонија
http:// www.polyesterday.com.mk
e-mail data@polyesterday.com.mk
тел. +389 2 5111 111
факс +389 2 321 77 00

# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО БАРАЊАТА НА ИСО/ИЕЦ 27001:2013

Политиката за безбедност на информации на Полиестердеј е насочена кон обезбедување на правец и поддршка од страна на врвното раководство во однос на безбедноста на информациите согласно барањата на бизнисот и релевантните законски и други договорни барања.

Политиката за безбедност на информации обезбедува заштита на целокупното работење на Полиестердеј од инциденти и нарушен углед како резултат на губење на:

- <u>Доверливост на информации</u> - преку заштита од неовластен пристап или неовластено откривање на информации;
- <u>Интегритет на информации</u> - преку обезбедување на целовитост, точност и отпорност на информации кон неовластена модификација или уништување на истите;
- <u>Расположливост на информации</u> - преку обезбедување на континуитет на бизнис процесите во случај на некаков инцидент, односно обезбедување на расположливост на информации до сите оние на кои им се потребни;

Полиестердеј е посветен на воспоставување и одржување на систем за управување со безбедност на информации, преку:

- Поттикнување на вработените да ја почитуваат и во целост имплементираат оваа политика;
- Дефинирање на посебни контролни мерки насочени кон намалување на ризиците во однос на безбедност на информациите;
- Воспоставување на систем за управување со инциденти во врска со безбедност на информациите;
- Постојано подобрување на процесите и активностите насочени кон безбедноста на информациите;
- Подигање на свесноста на вработените во Полиестердеј во поглед на заштита на доверливоста, интегритетот и расположливоста на информациите.

Директор

Скопје, Април 2018

Филип Спасовски